**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА**

**ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИОТ РЕГИОН**

**ЗА 2024 година**

Врз основа на член 22 став 2, член 30 став 1 алинеја 6, член 32,и член 65 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РСМ, бр.24/2021), Центарот за развој на планскиот регион подготви, а Советот за развој на планскиот регион го усвои следниот:

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026 ЗА 2024 ГОДИНА**

Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион го опфаќа периодот јануари-декември 2024 година.

**РЕЗИМЕ**

(Резимето содржи кус и синтетизиран приказ на најважните информации и клучнитепостигања во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион во извештајната година. Тука се дава и општа оценка за оствареноста на зацртаните цели и планови. Обемот на резимето е најмногу една страница.)


Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година ги опфаќа активностите и проектите спроведени во текот на годината, со цел унапредување на инфраструктурата, економскиот развој, заштитата на животната средина, дигитализацијата и социјалната инклузија.

Во 2024 година од страна на Центарот за развој и 10-те општини кои спаѓаат во Југоисточниот регион се реализираа **77 проекти**, распределени во пет стратешки цели:

- **Развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста** (6 проекти)
- **Развој и осовременување на инфраструктурата** (44 проекти)
- **Социјална инклузија и подобрување на квалитетот на животот** (16 проекти)
- **Развој на земјоделството и руралните средини** (6 проекти)
- **Заштита на животната средина и справување со климатските промени** (5 проекти)

**Клучни постигнувања:**

- **Инфраструктурни подобрувања:** Реализација на проекти за подобрување на локалните патишта, реконструкција на јавни објекти и изградба на нови капацитети.
- **Заштита на животната средина:** Реализирани проекти како „Превземи чекор – заштити ја животната средина!“, реконструкција на поројот „Крушевска Република“, изградба на прочистителна станица во с. Ракитец и техничка документација за е-полначи.
- **Енергетска ефикасност:** Проекти за реконструкција на јавни објекти со енергетски ефикасни решенија, како и развој на дигитален систем за мониторинг на потрошувачката на електрична енергија.
- **Дигитализација:** Во проектите се користени дигитални алатки за управување, комуникација и мониторинг, а развиени се и нови дигитални платформи како „Регионот на дланка“.
- **Социјална инклузија:** Проекти за развој на социјални услуги, подобрување на условите за ранливите групи, како и поддршка за социјално претприемништво.
- **Туристички развој:** Инвестиции во рехабилитација на пешачки и велосипедски патеки, подобрување на туристичките атракции и изградба на инфраструктура за подобрување на пристапноста до природни локалитети.

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во текот на 2024 година посветено работеше на обезбедување транспарентност и достапност на информациите за сите реализирани активности. Граѓаните, деловните субјекти и институциите редовно беа информирани за проектите, јавните повици, донесените одлуки и идните планови преку **официјалната веб-страница** (www.southeast.mk), социјалните мрежи (Facebook, Instagram, YouTube) и медиумски објави. На веб-страницата беа објавени **46 нови содржини**, ажурирани **92 постоечки информации**, а бројот на посети надмина **1.000 прегледи**.

Покрај објавувањето на реализираните проекти, Центарот активно ја информираше јавноста и за **отворените повици**, можностите за учество во регионални иницијативи, како и за клучните настани од интерес за граѓаните и деловниот сектор. Преку редовни медиумски известувања и присуство во локални и национални медиуми, Центарот придонесе за подобра информираност и вклученост на сите засегнати страни во процесот на регионален развој.

Во 2024 година, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион постигна значајни резултати во спроведувањето на развојните политики и проекти, обезбедувајќи подобрување на квалитетот на живот на граѓаните, поттикнување на економскиот развој и заштита на животната средина. Инвестирањето во **инфраструктура, дигитализација, енергетска ефикасност и социјална инклузија** покажа конкретни резултати, а транспарентното работење и активната комуникација со јавноста овозможија поголема вклученост на граѓаните и локалните чинители.

Центарот останува посветен на унапредување на регионот преку одржливи решенија, партнерства и иновативни пристапи, со крајна цел подобрување на условите за живот, работа и инвестирање во Југоисточниот плански регион.


Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион се состои од наративен и табеларен дел.

## I. НАРАТИВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Наративниот дел на Годишниот извештај задолжително го содржи следново:

### 1. Листа на реализирани проекти и активности

Овој дел содржи листа на реализирани проекти и активности во рамки на секоја поединечна мерка, во согласност со стратегиските цели и приоритетите утврдени во Програмата за развој на планскиот регион.

Притоа, за секој реализиран проект и активност треба да се наведе: целосниот назив, точниот период на реализација, износот на реализирани средстваи корисникот.

Горенаведеното се презентира на следниов начин:

**Стратегиска цел 1 - Развивање на претприемништвото и индустријата, поттикнување на конкурентноста и иновативноста на претпријатијата и создавање поволна инвестициска клима**

Приоритет 1.1 - Развивање на претприемнички еко систем и поттикнување на претприемништвото со посебен фокус на жени и млади;

Мерка 1.1.1 - Зголемување на вештините и претприемничкиот капацитет во регионот со посебен фокус на на жените и младите;

- Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - 2 фаза
- Реализирање на активности преку Локален совет за женско претприемништво

Мерка 1.1.2 – Зајакнување на улогата на Бизнис центарот во рамки на Центарот за развој на Југоисточен плански регион;

Мерка 1.1.3 - Вмрежување на организациите за поддршка на старт-апи и поттикнување на претприемништвото;

Мерка 1.1.4 - Основање на бизнис инкубатор за претпријатија со посебен фокус на претпријатија основани од жени и млади претприемачи;

Мерка 1.1.5 - Промовирање на можностите за финансирање на старт-апи и претприемништво што се нудат во рамки на меѓународни и национални фондови;

Мерка 1.1.6 - Следење на претприемничката активност во регионот со посебен фокус на жените и младите;

Мерка 1.1.7 - Развој на социјално претприемништво и стимулирање на економското јакнење на жените од ранливите групи.

Приоритет 1.2 - Подобрување на конкурентноста и иновативноста на микро, мали и средни претпријатија (ММСП)

Мерка 1.2.1 - Подобрување на конкурентноста и иновативноста на ММСП преку формирање на кластери;

Мерка 1.2.2 - Поддршка за воспоставување на нови организации за поддршка на ММСП;

Мерка 1.2.3 - Поттикнување на иновативноста кај ММСП и промовирање на економија базирана врз знаење;

Мерка 1.2.4 - Воспоставување на мрежа на ментори за поддршка на постоечки ММСП со посебен фокус на жени-сопственици на претпријатија;

Мерка 1.2.5 - Поттикнување и подобрување на општествената одговорност на бизнис заедницата;

Приоритет 1.3 - Развој и промоција на регионот како атрактивна туристичката дестинација

Мерка 1.3.1 - Осовременување на патната инфраструктура до туристичките локалитети и туристичка сигнализација;

Мерка 1.3.2 - Осовременување на планинарските домови и приватното сместување во регионот;

Мерка 1.3.3 - Поддршка за развој на нови туристички атракции, услуги и искуства;

- Југоисточниот регион можност за нови туристички авантури

Мерка 1.3.4 - Промоција на туристичката понуда на регионот;

- Рехабилитација и реконструкција на постоечка патека и велосипедска патека во општина Дојран

Мерка 1.3.5 - Промовирање на туризмот како атрактивна и конкурентна дејност за вработување на жените и младите;

- Дојран – медитерански бисер во југоистокот

Мерка 1.3.6 - Промоција на културата и заштита на природното и културното наследство на регионот;

- Вкуси го југот

Мерка 1.3.7 - Категоризација и стандардизација на сместувачки капацитети и угостителски објекти;

Мерка 1.3.8 - Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во туристичко угостителскиот сектор.

Приоритет 1.4- Создавање на поволна инвестициска клима и поттикнување на инвестициите во одделни индустрии со потенцијал

Мерка 1.4.1 - Идентификување на индустриите со потенцијал за развој на регионот;

Мерка 1.4.2 - Промовирање на паметна специјализација во индустрии со потенцијал;

Мерка 1.4.3 - Воспоставување на механизам за редовна соработка помеѓу локалните институции, организациите за поддршка и Центарот за развој на Југоисточниот регион со локалните бизниси;

Мерка 1.4.4 - Поттикнување на инвестииците од страна на приватниот сектор во индустрии што имаат најголема продуктивност и создаваат додадена вредност;

Мерка 1.4.5 - Привлекување на инвестиции во ТИРЗ;

Мерка 1.4.6 - Поддршка на извозно ориентираните претпријатија;

Приоритет 1.5 - Поддршка на бизнис секторот за справување со последиците од пандемијата ковид-19

Мерка 1.5.1 - Идентификување на секторите кои се најмногу погодени од пандемијата ковид-19;

Мерка 1.5.2 - Анализа на состојбите и потребите во бизнис заедницата во периодот на пандемијата ковид-19;

Мерка 1.5.3 - Искористување на програми за поддршка на секторите кои се најмногу погодени од пандемијата Ковид-19

**Стратегиска цел 2 - Развивање и осовременување на инфраструктурата во Југоисточниот плански регион**

Приоритет 2.1 - Унапредување на просторното и урбанистичкото планирање на локално и регионално ниво;

Мерка 2.1.1 - Унапредување на просторното планирање;

- УП вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување во КО Мокрино
- Детален урбанистички план за населба Странец

Мерка 2.1.2 - Измена и дополнување на веќе постоечките и изработка на нови урбанистички планови;

- Измена на урбанистички план во село Јосифово

Мерка 2.1.3 - Изработка на технички документации за локални и регионални инфраструктурни проекти;

- Изработка на проекти за локални патишта и улици и други инфраструктурни објекти
- Основен проект за реконструкција на културен дом Ацо Караманов
- Постапките за донесувањето на ГУП и 3 УПС за селата се сеуште во тек

Мерка 2.1.4 - Воведување и изработка на подземни катастри за постоечка патна инфраструктура, комунална инстраструктура и енергетска инфраструктура

Мерка 2.1.5 - Обезбедување еднаков пристап на жените и мажите до квалитетна инфраструктура( локални патишта, канализациска и електродистрибутивна мрежа

Приоритет 2.2 - Осовременување на сообраќајно-транспортна инфраструктура

- Мерка 2.2.1 - Осовременување на постоечката и изградба на нова локална, регионална и магистрална патна инфраструктура;

- Реконструкција на улица 2 во с. Конче
- Уредување на крајбрежен појас на речно корито на река Крива Лакавица во с. Долни Липовиќ
- Улица во с.Иловица на КП.бр.5136 КО
- Изградба на спортско игралиште во с.Радово
- Улица во с.Еднокуќево на КП.бр.785и 786
- Реконструкција на улица 1 кон манастир св. Стефан во с. Конче
- Изградба на нови линии за улично осветлување
- Реконстукција на постоечки канал
- Изградба на парк во Гевгелија на КП 2885/1 и 2942
- Изградба на улица во старо Балдовци
- Изградба на спортско рекреативен парк „Топлик“
- Отворено игралиште  место КАСАРНА, Гевгелија (тартан - фудбал/кошарка)
- Изградба на ул.„Ѓорги Велков“ Негорци
- Бетонирање на улици и краци во Мрзенци, Богородица, Гевгелија, Прдејци, Миравци и с.Кованец
- Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улуци за 2024;   Реконструкција на улици во Сушица;   Реконструкција на улица во Мокрино
- Изградба на пешачка патека во населено место Марвинци
- Реконструкција и санација на локални улици на територија на Општина Валандово
- Изградба на патна инфраструктура во населено место Калково
- Изградба на патна инфраструктура во населено место Казандол
- Реконструкција на ул.5-ти ноември во стар урбан блок 6 на потег од ул.Славчо Стојменски до ул. Горги Василев
- Изградба на Улица бр.1 во урбан блок 36-Драгољуб Боцинов (стационажа од0+00до 0+256м
- Изведба на улица 23 Октомври-лев коловоз

Мерка 2.2.2 - Подобрување на постоечката и поставување нова хоризонтална и вертикална сигнализација

- Поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на учица 1 во с. Ракитец

Мерка 2.2.4 - Воспоставување услови за подобрување на железнички сообраќај

Мерка 2.2.5 - Ревитализација на полските патишта и подобрување на пристапот до земјоделските површини

- Полски патишта на територијата на Општина Конче

Мерка 2.2.6 - Подобрување на автобускиот превоз помеѓу општините во рамки на регионот

Приоритет 2.3 - Подобрување на комуналната и енергетската инфраструктура

Мерка 2.3.1 - Подобрување на постоечките и изградба на нови водоснабдителни системи

– Реконструкција на улична водоводна мрежа на улица 1 во с. Ракитец

– Изградба на водоводна мрежа во урбан блок 22 – Радовиш

– Изградба на водоводен систем за с. Калково фаза III

– Изградба на нов Резервоар во село Калково

Мерка 2.3.2 - Подобрување на постоечките и изградба на нови системи за собирање и третман на отпадни води

- Превземи чекор – заштити ја животната средина!

- Реконструкција на канализациона мрежа во с. Дедино

- Фекална канализациона линија на ул.Ѓоко Тутучев и Мрзенци

- Изградба на дел одканализационен крак 1 К1 - 60 м во населено место Ангелци

- Изградба на крак од 50 метри од фекална канализација во Василево

- Изградба на колектор за град Валандово дел 1

- Изградба на дел од фекалната канализација во населено место Ангелци 830 м

- Основен проект за изградба на фекален колектор за нови урбани блокови бр.35-42, Урбана единица 5 фаза 1

Мерка 2.3.3 - Подобрување на постоечките и изградба на нови системи за наводнување

- Реконструкција на филтер станица во Добрашинци

Мерка 2.3.4 - Промовирање на ЈПП за искористување на хидро-енергетскиот потенцијал преку изградба на мали хидроцентрали

Мерка 2.3.5 - Изработка на техничка документација за изградба на систем за гасификација на ЈИ регион

Мерка 2.3.6. - Изградба на меѓусистемска гасна врска Петрич – Струмица

Мерка 2.3.7 - Изработка на техничка документација и приклучување на примарни и секундарни енергетски водови

Мерка 2.3.8 - Подобрување на дигиталната поврзаност во регионот

Мерка 2.3.9 - Воведување на паметни (смарт) решенија во општините

Мерка 2.3.10 - Подобрување и заштита од елементарни непогоди

- Расчистување на одводен канал „Рауљ“ Гевгелија

**Стратегиска цел 3 - Промовирање на социјална инклузија, конкурентно и квалитетно образование и здравствена заштита на населението во регионот**

Приоритет 3.1 - Создавање работна сила според потребите на пазарот на труд

Мерка 3.1.1 - Утврдување на потребите на деловните субјекти за работна сила

Мерка 3.1.2 - Промоција на средно стручно образование и континуирано образование на возрасни;

Мерка 3.1.3 - Практична работа и вклучување на учениците во граѓанскиот и бизнис секторот;

Мерка 3.1.4 - Зајакнување на капацитетите во општините за развој на образованието;

Мерка 3.1.5 - Воспоставување на економско-социјални совети во општините и на ниво на регион

Приоритет 3.2 - Социјална инклузија на ранливите категории

Мерка 3.2.1 - Организирање на социјални содржини за стари лица;

Мерка 3.2.2 - Вклучување на ранливите категории на пазарот на труд и поттикнување на социјално претприемништво

Мерка 3.2.3 - Поттикнување на социјално претприемништво;

Мерка 3.2.3 - Поттикнување на социјално претприемништво;

Мерка 3.2.4 - Социјална инклузија на семејства корисници на социјална помош;

Мерка 3.2.5 - Подигнување на свеста за прифаќање и вклучување на маргинализираните групи

Приоритет 3.3 - Подобрување и модернизирање на веќе постоечка и изградба на нова образовна и социјална инфраструктура

Мерка 3.3.1 - Подобрување и модернизација на веќе посточката училишна инфраструктура и изградба на нова;

- Реконструкција на ПУ „Гоце Делчев“ Пирава
- Реконструкција на училишно-спортско игралиште
- Мултиспортско игралиште Моин, Гевгелија (тартан - фудбал/кошарка)
- ОУ КРСТЕ МИСИРКОВ, Гевгелија (вештачка трева - фудбал)
- Партерно уредување на игралиште во Василево
- Реновирање на училишен двор во подрачното училиште во село Коцалија - Партерно уредување со поплочувањесо бехатон плочки , нови клупи, кошеви и друга урбана опрема
- Реновирање на училишен двор и паркинг простор
- Реконструкција на ПУ Гоце Делчев Пирава
- Реконструкција на спортска сала „Филип Втори Македонски“ во Валандово
- Рекон. На игралиште во ПУ Гоце Делчев Радичево

Мерка 3.3.2 - Воведување на дигитални технологии и алатки во образованието и социјалните услуги;

Мерка 3.3.3 – Реконструкција, модернизација и изградба на инфраструктура и отворање на нови капацитети за згрижување на деца на предучилишна возраст;

Мерка 3.3.4 – Изградба на капацитети за згрижување на деца со посебни потреби;

Мерка 3.3.5 – Подобрување на постоечките и изградба на капацитети за згрижување на стари и изнемоштени лица

Мерка 3.3.6 – Подобрување на пристапноста до јавните објекти и јавниот транспорт за лица со попреченост во развојот;

Мерка 3.3.7 – Формирање на дневни центри за ранливите категории;

Мерка 3.3.8 – Формирање на засолништа за жртви на родово засновано насилство

- Шелтер Центар за згрижување жени жртви на семејно насилство

Приоритет 3.4 – Зајакнување на капацитетите за социјално заштитни активности

Мерка 3.4.1 – Формирање на мобилни сервис служби;

Мерка 3.4.2 – Обезбедување на услуги за помош и нега на стари лица, лица со попреченост и грижа за деца со посебни потреби;

- Развој на социјалните услуги: помош и нега во домот
- Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес
- Негователки на деца во предучилишна возраст преку програма Општинско корисна работа

Мерка 3.4.3 - Развивање и јакнење на воинституционалните форми на грижа за ранливите категории;

- Проект за подобрување на социјални услуги -Втор повик
- Проект-Помош и нега во домот

Мерка 3.4.4 – Формирање на регионален совет за социјална заштита;

Мерка 3.4.5 – Подготовка на регионален социјален план и општински социјални планови;

Мерка 3.4.6 – Зајакнување на човечките капацитети за обезбедување на социјални услуги

Приоритет 3.5 –Подобрување на здравствената состојба на населението

Мерка 3.5.1 – Опремување на објекти за примарна здравствена заштита;

Мерка 3.5.2 – Унапредување на примарната здравствена заштита;

Мерка 3.5.3 – Подобрување на здравствената заштита на ранливите категории;

Мерка 3.5.4 – Здравствени придобивки преку спортски активности;

Мерка 3.5.5 – Заштита на населението од елементарни непогоди, штетници и инсекти;

- Дезинсекција - третирање за заштита од комарци во ЈИПР

Мерка 3.5.6 – Згрижување на кучиња скитници

**Стратешка цел 4 – Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на квалитетот на живот во руралните подрачја**

Приоритет 4.1 – Модернизација и подобрување на конкурентноста на земјоделското производство и преработувачката индустрија;

Мерка 4.1.1 – Техничко – технолошки развој и воведување на иновативни практики за одржливо земјоделското производство;

Мерка 4.1.2 – Промоција и брендирање на земјоделските производи и преработки од регионот;

Мерка 4.1.3 – Стандардизација на земјоделското производство и преработките на храна;

Мерка 4.1.4 – Поттикнување на инвестициите во земјоделското производство и преработките на храна;

Мерка 4.1.5 – Унапредување на знаењето и севкупниот човечки капитал во земјоделството;

Мерка 4.1.6 – Зајакнување на капацитетите за искористување на ИПАРД и националната програма за поддршка на земјоделството и рурален развој;

Мерка 4.1.7 – Подобрување на условите на зелените и сточните пазари;

Мерка 4.1.8 – Консолидација на земјоделското земјиште

Приоритет 4.2 – Диверзификција на економските активности во руралните средини;

Мерка 4.2.1 – Воспоставување на програми за финансиска и нефинансиска поддршка на деловните субјекти и самовработување во руралната економија;

Мерка 4.2.2 – Стимулирање на иновативноста во руралната економија;

Мерка 4.2.3 – Поттикнување на развојот на руралниот туризам;

Мерка 4.2.4 – Стимулирање на здружувањето во задруги и кооперативи;

Мерка 4.2.5 – Поттикнување на преработувачки капацитети на мали и средни селски стопанства чии сопственици се млади и жени;

Мерка 4.2.6 – Поттикнување на заштитата и управување со традиционалните, културните и природните вредности во руралните подрачја;

- Изградба на Дом на култура во село Куклиш-2 фаза

Мерка 4.2.7 – Зајакнување на капацитетите и вмрежување на ЛАГ-овите

- Изградба на детски забавен парк во Василево со Лаг - Беласица Огражден

Приоритет 4.3 – Развивање на современа и функционална инфраструктура во селата, подрачјата со значителна депопулација и специфични развојни потреби

Мерка 4.3.1 – Осовременување на сообраќајната инфраструктура во селата и подрачјата со специфични развојни потреби;

- Реконструкција на улици во село Стојаково
- Изградба на канализациона мрежа во Карши маале – Подареш
- Улици во Нова Маала, Пиперево, Сушево, Чанаклија, Доброшинци, Владевци, Василево, Градашорци, Радичево,Едрениково и Дукатино

Мерка 4.3.2 – Подобрување на комуналната инфраструктура во селата и подрачјата со специфични развојни потреби;

Мерка 4.3.3 – Поддршка за обнова и развој на селата;

- Поставување на урбана опрема за детски игралишта во селата Мрзенци, Ново Конско и Кованец

Мерка 4.3.4 – Подготовка на студии за развој на подрачјата со значителна депопулација

**Стратешка цел 5 – Заштита на животната средина, справување со климатските промени и оптимално користење на природните ресурси и енергетските потенцијали**

Приоритет 5.1 – Одржливо управување со животната средина и справување со климатските промени;

Мерка 5.1.1 – Воспоставување на регионален систем за мониторинг на емисија на загадувачи и емисија на стакленички гасови;

Мерка 5.1.2 – Намалување на загадувањето на воздухот;
- Изработка на техничка документација за е-полначи за електрични возила

Мерка 5.1.3 – Ремедијација на индустриски жешки точки;

Мерка 5.1.4 – Ублажување на ефектите од климатските промени со посебен фокус на земјоделството;

Мерка 5.1.5 – Намалување на загадувањето на почвата;

Мерка 5.1.6 – Зајакнување на капацитетите за одржливо управување со животната средина

- Енергетски ефикасен регион

Приоритет 5.2 – Заштита на биодиверзитетот и управување со заштитени подрачја

Мерка 5.2.1 – Валоризација на заштитени подрачја

Мерка 5.2.2 – Рехабилитација на деградирано земјиште на територијата на регионот

Мерка 5.2.3 – Заштита на флора,фауна и водните живеалишта

Мерка 5.2.4 – Заштита и обновување на шумите

Мерка 5.2.5 – Зајакнување на капацитетите за заштита на биодиверзитетот

Приоритет 5.3 – Промовирање на циркуларна и зелена економија

Мерка 5.3.1 – Воспоставување на регионален систем за интегрирано управување со отпадот

Мерка 5.3.2 – Подобрување и воведување на услуга за редовно собирање на отпадот во руралните населби

Мерка 5.3.3 – Санација и уредување на нестандардни и диви депонии

Мерка 5.3.4 – Селекција, рециклирање и повторна употреба на отпадот

- Поставување на урбана опрема - контејнери и канти за рециклирање на отпад во градот Гевгелија

Мерка 5.3.5 – Изработка на техничка документација и изведба на системи за производство на енергија од обновливи извори (сонце, ветер, биомаса)

Мерка 5.3.6 – Промовирање на енергетска ефикасност во јавни и приватни објекти
- Подобрување на Енергетската Ефикасност на јавни објекти во Југоисточниот плански регион
- Паметна електрична енергија за згради - центри за стручна поддршка SEBCOVE

Мерка 5.3.7 – Зајакнување на капацитетите на сите чинители за циркуларна економија и отворање на зелени работни места

Мерка 5.3.8 – Спроведување на пилот проекти за зелена економија

Приоритет 5.4 – Управување и заштита со водните ресурси

Мерка 5.4.1 – Рационално користење на водата за пиење

-Просторно уредување на чешма Момина солза

Мерка 5.4.2 – Рационално користење на водата за наводнување

Мерка 5.4.3 – Регулација и управување со речни текови

Мерка 5.4.4 – Воспоставување на систем на заштита и управување со подземните води

Мерка 5.4.5 – Подготовка на техничка документација за водни акумулации

По Стратегиски цели бројот на реализирани проекти изгледа вака:

Стратешка цел 1 – вкупно реализирани проекти - 6 проекти.

Стратешка цел 2 – вкупно реализирани проекти - 44 проекти.

Стратешка цел 3 – вкупно реализирани проекти - 16 проекти.

Стратешка цел 4 – вкупно реализирани проекти - 6 проекти.

Стратешка цел 5 – вкупно реализирани проекти - 5 проекти.

Вкупно реализирани проекти – 77 проекти.

На крајот на овој дел се наведува вкупната бројка на реализиранипроекти/активности во рамките на секоја стратегиска цел, како и збирната бројка на реализирани проекти/активности по основ на сите стратегиски цели заедно.

Покрај тоа, одделно се наведува и вкупниот број на подготвени проектни апликации од страна на Центарот за развој за извештајната година, како и податокот за бројот на прифатени апликации од вкупно подготвените од Центарот за развој.

## 2. Обезбедување транспарентност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат податоците за остварените резултати во делот на транспарентноста во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

Во однос на официјалниот портал на Центарот за развој треба да се наведе општа оценка за неговата функционалност и за достапноста на целосната релевантна документација врзана за работата на Центарот за развој, Советот за развој и за реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион. Исто така, овој дел треба да ги содржи следниве податоци: колку вкупно нови содржини се поставени на страницата во текот на извештајната година; колку содржини се ажурирани; колкав е бројот на посети на страницата; кои и какви се најчестите барања и коментари на посетителите.

Во овој дел се дава и кус наративен осврт на медиумското покривање на активностите за реализација на Програмата за регионален развој за извештајната година.

Притоа, покрај освртот за активностите и присуството на традиционалните медиуми - локални, регионални и национални радио, ТВ и печатени медиуми, се дава посебен осврт и за покривањето на активностите за реализација на Програмата на социјалните мрежи. Во таа насока, се цени активното присуство и влијание на социјалните мрежи преку користењето на сопствени Facebook, Instagrami Twitter профили на Центарот, како и на сопствен Youtube канал на Центарот.

Центарот за развој на ЈИПР редовно ги информира граѓаните за своите активности, состаноци, настани и други значајни дејности. Ова вклучува реализирани активности, признанија, јавни повици, нови проекти, извештаи, како и планови и програми за развој на регионот.

Центарот секогаш обезбедува пристап на сите граѓани до основните информации за услугите кои ги нуди, во реално време. Оваа транспарентност им овозможува на граѓаните да бидат информирани за проектите и одлуките кои влијаат на нивните интереси, исто така ги поттикнува на учество во процеси, овозможува поголема информираност, подобрување на внатрешниот тек на информациите и зголемена ефикасност на институцијата.

Сите информации се објавуваат на веб страницата на Центарот за развој на ЈИПР www.southeast.mk и на официјалните профили на социјалните медиуми. Овие информации се пристапни, разбирливи и употребливи за сите заинтересирани страни.

Функционалноста и достапноста на официјалниот портал на ЦРЈИПР е на високо ниво со тоа што веб страницата на ЦРЈИПР ги содржи сите компонентни на транспаретност и индикатори за мерење како генерални информации, услуги, проекти, новости, публикации, јавни набавки, завршни сметки и комуникација контакт каде секој граѓанин може директно да испрати порака. Достапноста на целосната релевантна документација врзана за работата на ЦРЈИПР, Советот за развој и релизацијата на Програмата за развој на ЈИПР би ја оцениле со 10 земајќи го во предвид фактот дека сите активности кои ги спроведува ЦРЈИПР се јавно истакнати на веб страната и ги содржи сите битни детали и податоци, по одржувањето на секоја седница јавно се истакнува дневниот ред за кој членовите на Советот воделе дискусија. Достапноста на Програмата за развој на регионот, како и инклузивното учество и сесиите за изработка, резултатите и спроведените активности во рамки на Програмата се јавно објавени на официјалната веб страна на ЦРЈИПР.

Во текот на извештајната 2024 година на веб страната на ЦРЈИПР поставени се 46 нови содржини, ажурирани се 92 содржини доколку се земат во предвид и содржините на англиски јазик, бројот на посети на веб страната за 2024 година целокупно доколку се земат во предвид различни содржини изнесува повеќе од 1.000 прегледи и најчести барања и коментари на посетителите се однесуваат воглавно на отворени повици или како да земат учество во одредени активности.

Согласно Договорот за финансиска поддршка во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - фаза 2“ беа предвидени средства за реализација на активност ажурирање на веб страната на Центарот со што беше воведена и нова алатка на веб страната на Центарот под назив „Регионот на дланка“ која преставува иновативна дигитална алатка, достапна преку веб-страната на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и поврзаните општини. Оваа алатка е создадена како дел од напорите за модернизација на пристапот кон регионалниот развој, со цел да обезбеди брз и лесен пристап до информации за ресурсите, потенцијалите и услугите што ги нуди регионот. Со воведувањето на алатката „Регионот на дланка“,се очекува да се постигнат следниве резултати:

**1.Подобра информираност на граѓаните и бизнисите** за можностите што ги нуди регионот.

**2.Зголемена интерактивност и учество** на јавноста во процесите на планирање и спроведување на проекти.

**3.Подобрена видливост на регионот** како атрактивна дестинација за инвестиции и туризам.

**4.Зајакната соработка меѓу сите засегнати страни** во процесот на регионален развој.

Исто така сите текстуални содржини беа детално прегледани и ажурирани со цел обезбедување јасност, точност и стилска усогласеност. Дополнително, беа додадени нови содржини за подобро претставување на активностите и услугите на Центарот.

Центарот за развој на ЈИПР се посветува на информирање на јавноста преку целосна медиумска покриеност и транспарентно информирање на граѓаните. Согласно изнесеното, практично 90% од сите активности и настани што ги организира Центарот за развој се медиумски покриени, преку учество на локални и регионални и медиуми кои известуваат национално. Како средства за комуникација застапени се традиционални медиуми како радио, телевизија и печатени медиуми, за коишто известувања секогаш со покана за активностите на ЦРЈИПР претходно ги известуваме новинарите од нашиот регион кои покрај локалните и регионални медиуми, работат и за национални медиуми и портали.

Медиумската покриеност на активностите за реализација на програмата за регионален развој не само што достигнува видливост од граѓани од регионот, туку и пошироко, бидејќи медиумските објави исто така често се споделуваат и на социјални мрежи. Центарот за развој активно го користи својот официјален Facebook, Instagram и YouTube профил за да ги анимира и информира граѓаните, а активностите се десиминираат преку дневни или неделни објави од страна на вработените во Центарот.

Профили со кои раководи Центар за развој на Југоисточниот плански регион:

- Официјална веб страна на ЦРЈИПР – www.southeast.mk
- Официјален Facebook на ЦРЈИПР - Centar za razvoj na Jugoistocen region
- Официјален Instagram НА ЦРЈИПР – cdsepr
- Официјална веб страна на РБЦ – www.investinseregion.mk
- Официјален Facebook на РБЦ – Регионален Бизнис Центар – Југоисточен регион
- Facebook страна на Регионална Канцеларија за СП – Regional Social Point of the South East planning region

- Официјална веб страна на проект - www.jointaction.eu

Ова се дополнителни механизми што ја зголемуваат транспарентноста на презентирање на остварените резултати во реализацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион, обезбедувајќи широка дистрибуција на информации и стимулирајќи активно учество на граѓаните.

Со цел промоција на работата на Центарот во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - фаза 2“ на 03.12.2024 година беше организиран настан „Ден на регионот“ каде беа одржани 3 инспиративни панел-дискусии кои опфатија клучни теми за развојот на регионот, како што се улогата на општините како столб на регионалниот напредок, имплементацијата на зелени практики и циркуларна економија како двигатели на одржливоста, како и можностите за развој на туризмот и зачувувањето на културното наследство. Настанот беше платформа за претставување на достигнувањата и потенцијалите на регионот, привлекувајќи широк спектар на учесници, вклучувајќи претставници од локалните власти, академската заедница, граѓанскиот сектор и приватниот сектор. Исто така учесниците имаа можност да се запознаат со новата Комуникациска стратегија за промоција на регионот, која ќе придонесе за подобра соработка со заедницата и зголемена видливост на регионалните иницијативи.

Презентираното треба и прецизно да се квантифицира, на начин како што е прикажано во Табеларниот дел на Годишниот извештај во Табеларниот приказ D.

### 3. Обезбедување партиципативност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат податоците за остварените резултати во делот на партиципативноста, како едно од законски дефинираните начела на политиката на рамномерен регионален развој.

Потребно е да се даде посебен осврт на подготовката, одржувањето и резултатите од работата на регионалните форуми на заедницата. Притоа, треба да се наведе бројот на одржани регионални форуми, вкупниот број на учесници во регионалните форуми, просечниот број на учесници по одржан регионален форум, како и податоците за структурата на учесниците.

Исто така, потребно е да се наведе и процентниот удел на проекти кои се избрани на форуми од вкупниот број на реализирани проекти од страна на Центарот за развој на планскиот регион.

Покрај тоа, за делот на проектите и активностите каде не се реализирани регионални форуми на заедницата треба да се наведе: дали, какви и во колку случаисе применети некои други алатки или механизми на партиципативност.

Во согласност со начелото на партиципативност, како еден од клучните принципи на политиката за рамномерен регионален развој, беше планирано одржување на регионални форуми на заедницата за вклучување на засегнатите страни во процесот на донесување одлуки.

Сепак, поради тоа што Министерството за локална самоуправа го откажа повикот преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2024 година, со индикативно планирани средства за 2025 година, форумите на заедницата во 2024 година не беа организирани.

Во отсуство на организирани регионални форуми, Центарот за развој на планскиот регион при планирање на проектни предлози примени алтернативни механизми на партиципативност, како што се:

- Комуникација со општините и локалните засегнати страни преку директни состаноци и консултации.
- Анкетирање и електронска комуникација за прибирање мислења и предлози од граѓаните и институциите.
- Координација со регионални и национални институции за обезбедување усогласеност на приоритетите со стратегиските документи за развој.

Овие мерки беа спроведени со цел да се задржи принципот на партиципативност во процесите на планирање и имплементација на регионалниот развој. Од друга страна Центарот за развој во текот на својата работа организира различни настани како состаноци, работилници и саеми. Овие настани се организираат со различни категории на луѓе од различни сфери на општественото живеење, што придонесува за успешноста на истите. Исто така кога е потребно, организира и директни средби со граѓаните, со цел да ги објасни одблиску целите на овие настани и придобивките за учесниците. Досегашната пракса покажува дека овие средби се од особено значење за да се утврдат потребите на граѓаните, но и на општините со цел да се добијат нови идеи за аплицирање на проекти.

### 4. Обезбедување социјална инклузивност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоците за придонесот и остварените резултати во делот на социјалната инклузијаво реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

Од јуни 2021 година, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион активно делува како Регионална канцеларија за социјално претприемништво, обезбедувајќи квалитетна техничка и професионална поддршка за развој на потенцијални социјални претпријатија. Оваа иницијатива има за цел да овозможи вработување на ранливи категории и да поттикне одржлив економски развој во регионот.

Во текот на изминатата година, Центарот посветено работеше на подигнување на свеста за значењето на социјалното претприемништво, инспирирајќи различни засегнати страни да преземат активности кои носат позитивни социјални промени во нивните локални заедници. Како Регионална канцеларија за социјално претприемништво, Центарот обезбеди поддршка за поврзување на социјалните претпријатија со јавните институции, со цел нивно вклучување во процесите на креирање политики и стратешки документи.

Центарот редовно ги информира засегнатите страни за достапни повици и обуки поврзани со социјалната инклузија и активно учествува во релевантни иницијативи.

Во декември 2021 година беше формиран и активно функционира Советот за социјална заштита на Југоисточниот плански регион, каде членуваат градоначалниците на сите десет општини во регионот и директорите на центрите за социјална работа. Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има улога на административно тело во рамките на Советот.

Во 2024 година беше одржана третата седница на Советот, на која беше избран нов претседател – градоначалникот на Општина Конче, г-н Златко Ристов. Тој изрази подготвеност да одговори на предизвиците поврзани со социјалната заштита и инклузија во регионот. Оваа активност значително придонесува кон подобрување на условите за живот на ранливите групи и игра клучна улога при приоретизирање на социјални проекти во регионот.

На 5-ти ноември 2024 година, во хотел „Сириус", беше одржана работилница на тема „Развој на социјални услуги во планските региони", организирана од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2".

На настанот учествуваа претставници од сите десет општини од Југоисточниот регион, активни во обласа на социјалната заштита, како и директорите на центрите за социјална работа, претставници на Црвениот крст и невладини организации. Работилницата овозможи размена на искуства, идентификација на предизвици и дефинирање на приоритетни мерки за подобрување на социјалните услуги на локално и регионално ниво.

Во 2024 година, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион аплицираше за нови проекти преку Програмата за прекугранична соработка со Грција, Interreg Europe, Interreg Euro-Med и Erasmus+. Значаен дел од овие иницијативи е посветен на подобрување на социјалната инклузија, со акцент на:

- Унапредување на инфраструктурата во Југоисточниот регион за да биде инклузивна и достапна за сите.
- Создавање подобри услови за живот на ранливите категории во локалните заедници.

Центарот останува посветен на развојот на одржливи решенија за социјалната инклузија, преку кои ќе се подобрат условите за живот и работните можности во регионот.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на социјална инклузија при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. Број | проект / активност | компонента на социјална инклузивност | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Превземи чекор – заштити ја животната средина!<br><br>- Уредување на поројот Крушевска Република до Улив во река Тркања во Струмица<br><br>- Изградба на прочистителна станица во село Ракитец<br><br>- Набавка на опрема за реконструкција и сервисирање на опрема за филтер станица во Василево | Иако чистата вода за пиење е потреба за сите луѓе, со цел разработка на социјалната компонента во овој проект акцент е ставен на старите лица над 65 години како категорија на лица кои се наоѓаат во своето трето доба и кои се нежни со своето здравје и децата од руралните подрачја до 14 годишна возраст како категорија на лица кои се во раст и каде чистата вода и здравата околина е есенцијална за нивниот понатамошен раст и развој. | - 1967 деца под 14 години и 1661 жители над 65 години во општина Василево<br><br>- 430 деца под 14 години и 503 жители над 65 години во општина Конче |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | Подобрување на Енергетската Ефикасност на јавни објекти во Југоисточниот регион<br><br>- Реконструкција на спортска сала „Партизан“<br><br>- Енергетска ефикасност на јавен објект зграда на ТППЕ - Радовиш „Реконструкција и адаптација на противпожарен дом тех.бр. 3276“<br><br>- Реконструкција на училиште во с.Секирник - Општина Босилово | Компонентата на социјалната инклузија ќе биде застапена со тоа што со реконструкцијата и адаптацијата на јавни објекти во оштините Радовиш, Босилово и Гевгелија лицата кои влегуваат во оваа категорија - социјално исклучени како што се деца и возрасни лица со попреченост, , деца од изолирани рурални подрачја, лица припадници на заедниците, на верски и религиозни групи имаат можност да добијат подобрување на условите за живот од страна на општините и нивен пристап до подобрени услови за работа. | - 24 ученици од рурални подрачја интегрирани во паралелките, на возраст под 14 години во ООУ „Св.Кирил и Методиј“ од Секирник, Босилово |
| **3.** | Дојран – медитерански бисер во југоистокот<br><br>-Рехабилитација и реконструкција на постоечка патека и велосипедска патека покрај Дојранско Езеро | Со овој проект ќе се даде акцент подеднакво на туризмот како и социјалната вклученост на жителите од Југоисточниот плански регион. Проектот е насочен кон подобрување на туристичката понуда во ЈИПР, исто така ќе води и грижа и за ефикасна заштита на социјалните права на граѓаните и ќе обезбеди разновидност на услуги со кои ќе се овозможи не само ублажување на последиците туку и излез од социјалната исклученост. | - Од вкупниот број на туристи кои го посетуваат Дојран, 35 % се лица над 65 годишна возраст, а 20-25% се деца до 7 годишна возраст |
| **4.** | Југоисточниот регион-можност за нови туристички авантури<br><br>-Изградба на улица во с. Дукатино до манастир Св. Ѓоргија<br><br>- Реконструкција и збогатување на содржините на Смоларски водопад и Пирго | Со овој проект ќе се даде акцент подеднакво на туризамот како и социјалната вклученост на граѓаните од Југоисточниот плански регион. Со тоа што освен што проектот е насочен кон подобрување на туристичката понуда во ЈИПР, исто така ќе води грижа и за ефикасна заштита на социјалните права на граѓаните и ќе обезбеди разновидност на услуги со кои ќе се овозможи не само ублажување на последиците, туку и излез од социјалната исклученост. | – 28.036 жители од целиот Југоисточен регион со над 65 годишна возраст ќе имаат можност да бидат социјално вклучени и ќе им се обезбедат услови за збогатување на туристичката понуда. |
| **5.** | Одржлив и инклузивен рамномерен развој – фаза II | Во рамките на активностите од Договорот со МЛС за 2024 беше организирана Работилница за развој на социјалните услуги во Југоисточниот регион | - Број на организирани обуки за социјален развој |
| **6.** | Енергетски ефикасен регион | Целта на социјалното вклучување е сеопфатно подобрување на условите за живот на поединците, да им се понудат истите можности за образование, вработување и економија што ги ужива остатокот од општеството. Со овој проект ќе се овозможи сите категории на население во сите три општини да добијат можност за подобрување на својот живот со тоа што средствата кои ќе бидат заштедени со поставувањето на фотоволтаичните системи ќе придонесат за вложување на овие средства во нови услуги кои ќе послужат за подобрување на условите за живот во општините. | - Број на деца со посебни потреби од ООУ „Крсте Петков Мисирков“ од о.Радовиш кои ќе ги користат резултатите од проектот<br><br>- Број на стари лица, стари лица од рурални подрачја, деца од изолирани рурални подрачја, лица припадници на заедниците, на верски и религиозни групи кои ќе имаат корист од проектот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7.** | Изработка на техничка документација за е-полначи за електрични возила | Овој проект ќе придонесе кон стимулирање на населението во замена на традиционалните возила со возила на електричен погон, како кај физичките и правните лица без разлика на која категорија припаѓаат. Со подготовка, а понатаму и поставување на станиците е земено во предвид и населението во руралните општини. | Опфатено рурално население од четири општини во Југоисточниот плански регион со вкупен број на население од 31.757 жители. |
| **8.** | „Паметна електрична енергија за згради - Центар за стручна извонредност" - SEBCoVE | Проектот има за цел да обезбеди еднаков пристап до образование и обука во секторот на паметна електрична енергија за згради. Проектот се фокусира на вклучување на ранливи групи, вклучувајќи жени, млади и лица од социјално загрозени средини, преку обезбедување на специјализирани стручни програми, стипендии и менторска поддршка. Преку соработка со образовни институции и индустриски партнери, SEBCoVE поттикнува разновидност и инклузивност во работната сила, поддржувајќи праведна и фер енергетска транзиција. | - **Број на лица од ранливи групи вклучени во обуките** (жени, млади, лица со посебни потреби, лица од социјално загрозени средини).<br>- **Процентуален пораст на учество на жени** во стручните програми за паметна електрична енергија. |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 5. Обезбедување родова еднаквост во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоците за придонесот и за остварените резултати во делот на родовата еднаквосто реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион, со посебен осврт на родовото одговорно буџетирање.

Уште при изработката на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021-2026 година беше остварена соработка со назначениот експерт за нашиот регион. Од страна на експертот имавме максимална поддршка така што соработката се одвиваше непречено добивајќи ги сите потребни информации и насоки во полето на родовото одговорно буџетирање. Сите предложени мерки за унапредување на родовата еднаквост се успешно интегрирани во финалната верзија од Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021-2026 година како и во Акциониот план за имплементација на Програмата за 2021/2024 година.

При имплементацијата на проектните активности, секогаш се води сметка за еднаква застапеност на двата пола. Ова гарантира дека се создаваат рамноправни можности за учество на мажи и жени во различните проекти и настани.

Дополнително, од сите изминати настани, се водеше детална евиденција за родовата еднаква застапеност. Во рамките на нашата пракса, секогаш го сумираме учеството на мажи и жени на настаните кои ги организираме. Овој пристап ни помага да ги анализираме и процениме нашите напори во постигнувањето на целите за родова еднаквост и вклученост. Веруваме дека оваа континуирана евалуација на учеството на различни групи е клучна за поддршка на инклузивен и одговорен пристап во нашите активности.

Во текот на изминатата година постигнати се значајни резултати во областа на родовата еднаквост преку спроведување на обуки, работилници, семинари, саеми и други настани. Анализата на учеството покажува дека застапеноста на мажи и жени била речиси изедначена, што укажува на континуираните напори на организацијата за постигнување родова еднаквост и инклузија во сите аспекти на нејзиното работење.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на родова еднаквост при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. Број | проект / активност | компонента на родова еднаквост | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Превземи чекор – заштити ја животната средина!<br><br>- Уредување на поројот Крушевска Република до Улив во река Тркања во Струмица<br><br>- Изградба на прочистителна станица во село Ракитец<br><br>- Набавка на опрема за реконструкција и сервисирање на опрема за филтер станица во Василево | Активностите кои ќе се преземат во рамките на овој проект ќе придонесат чиста вода подеднакво да можат да ја користат и мажите и жените. | - 49.995 жители во општина Струмица од кои 24.701 мажи и 25.294 жени.<br><br>- 2 725 граѓани во општина Конче од кои 1.437 мажи и 1288 жени.<br><br>-10 552 граѓани во општина Василево од кои 5.380 мажи и 5.172 жени. |
| 2. | Подобрување на Енергетската Ефикасност на јавни објекти во Југоисточниот регион<br><br>- Реконструкција на спортска сала „Партизан"<br><br>- Енергетска ефикасност на јавен објект зграда на ТППЕ - Радовиш „Реконструкција и адаптација на противпожарен дом тех.бр. 3276"<br><br>- Реконструкција на училиште во с.Секирник - Општина Босилово | Реконструкција и адаптација на енергетско ефикасни јавни објекти ќе придонесе кон заштеда на средства, поефикасно греење и ладење, поквалитетна животна средина, зголемување на примената на обновливи извори на енергија, намалување на потребата од увоз на енергија и финансиски бенефит така што заштедите може да се пренаменат во задоволување на други потреби што можеби би резултирало со подобар и поквалитетен живот на сите граѓани во овие општини и мажи и жени. | - 24 122 граѓани во општина Радовиш од кои 12.137 мажи и 11.985 жени<br><br>- 11 508 граѓани во општина Босилово од кои 5.857 мажи и 5.651 жени<br><br>-21 582 граѓани во општина Гевгелија од кои 10.700 мажи и 10.882 жени |
| 3. | Дојран – медитерански бисер во југоистокот<br><br>-Рехабилитација и реконструкција на постоечка патека и велосипедска патека покрај Дојранско Езеро | Со збогатувањето на содржините и туристичките атракции, Дојран ќе стане привлечно место за сите туристи од Југоисточниот плански регион, како и за туристите од цела држава, па и од странство, без разлика на пол. | -3.084 граѓани во општина Дојран од кои 1.569 мажи и 1.515 жени |
| 4. | Југоисточниот регион-можност за нови туристички авантури<br><br>-Изградба на улица во с. Дукатино до манастир Св. Ѓоргија<br><br>Реконструкција на локален пат Л603 с.Стојаково до с.Ѓавато Фаза 2 1+010 – 1+760 | Со цел поддршка и развој на различни видови на туризам во регионот и тоа рурален, езерски, културен, планински и верски туризам, проектот опфаќа поставување на урбана опрема и инфраструктурни активности во три општини во Југоисточниот регион и тоа: Василево и Ново Село. Истите ќе бидат достапни за користење на сите жители од регионот, мажи и жени. | 74.405 мажи и 73.982 жени во Југоисточниот регион |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Реконструкција и збогатување на содржините на Смоларски водопад и Пирго | | |
| **5.** | Одржлив и инклузивен рамномерен развој – фаза II | При имплементација на активностите од Договорот со МЛС се води сметка учеството на мажите и жените да биде подеднакво застапено | - 14 жени присутни на Обуката за развој на социјалните услуги<br>- 11 мажи присутни на Обуката за развој на социјалните услуги |
| **6.** | Енергетски ефикасен регион | Овој проект води кон позитивен придонес за еднакви можности, недискриминација и еднаквост помеѓу мажите и жените. Фотоволтаиците ќе бидат достапни за сите заинтересирани страни и не претставуваат ограничување за нивно користење. Сите заинтересирани лица без разлика на припадност, пол, возраст, професија и категорија на граѓани можат бесплатно да ги користат информациите кои произлегуваат од фотонапонските централи. | Во време на предложувањето на идејата како и за време на развојот на предлог-концептот беше запазена родовата еднаквост, на регионалните форумски сесии присутни беа 55 жени и 66 мажи. Во тимот кој работи на развојот на проектот учествуваат подеднакво и мажи и жени. Бенефитите од реализацијата на проектот ќе ги уживаат подеднакво и мажите и жените. |
| **7.** | Изработка на техничка документација за е-полначи за електрични возила | Резултатите од проектот односно поставените полначи за полнење на електрични возила ќе бидат подеднакво достапни и за мажите и за жените од Југоисточниот регион. | 74.405 мажи и 73.982 жени во Југоисточниот регион |
| **8.** | „Паметна електрична енергија за згради - Центар за стручна извонредност" - SEBCoVE | Проектот активно промовира **родова еднаквост** преку обезбедување еднакви можности за учество на жените и мажите во стручните програми за паметна електрична енергија. | **- Процент на жени запишани во програмите за обука** во секторот Smart Electricity for Buildings (SEB).<br>**- Број на жени кои успешно ги завршиле обуките** и стекнале сертификати |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 6. Придонес кон заштитата на животната средина во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоци за придонесот иза остварените резултати во делот на заштитата и унапредувањето на животната срединаво реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

Животната средина во Југоисточниот плански регион се наоѓа во релативно добра состојба, што важи како еколошки чист предел. Југоисточниот плански регион изобилува со разнообразност на природните ресурси и воопшто има позитивно влијание врз општа состојба на животната средина. Природното наследство во регионот е обемно и разнострано, со природни богатства како што се шуми, подземни води, реки, природни езера и вештачки акумулации. Дел од подземните води се истакнати по својот голем капацитет на геотермална енергија. Значителен број на заштитени подрачја во регионот, вклучувајќи и поединечни споменици на природата и природни резервати, придонесуваат кон општата одржливост на животната средина. Издвоени како најзначајни, Моноспитовското блато и Дојранското езеро, заштитени се со специфични законски рамки и се од особен интерес поради својата биодиверзитетна вредност. Водопадите во Смолари и Колешино дополнително го збогатуваат природното наследство и овозможуваат развој на туризмот во регионот. За заштита на природното наследство и биодиверзитетот, есенцијално е да се формулира силна политичка визија на централната и локалните власти во регионот. Интегрираните напори при дефинирање на развојно-заштитни мерки и иницијативи, со соодветни финансиски средства и компетентни човечки ресурси, играат клучна улога во успешната реализација на проекти во врска со оваа област. Во рамките на подготовка на апликации за различни

Програми како национални, така и меѓународни, Центарот за развој посветува посебно внимание на заштитата на животната средина. Во секоја апликација, изрично се наведува како ќе се заштити животната средина, а при имплементација на проектите се превземаат мерки за спречување на негативни влијанија врз природата и активно се придонесува за нејзиното одржување.

Во зимскиот период, особено во градот Струмица, загадувањето на воздухот претставува значителен проблем, предизвикан од зголемениот број на моторни возила. Со цел да се намалат емисиите на штетни гасови и да се поттикне еколошкиот транспорт, Центарот за развој аплицираше и доби финансирање од УНДП за проектот „Изработка на техничка документација за е-полначи за електрични возила“. Во рамките на проектот беше изработена техничка документација за поставување на брзи полначи за електрични возила на 20 локации во сите 10 општини од регионот. Оваа иницијатива има за цел:

- Подигнување на свеста за зголемување на користењето на електрични возила.
- Намалување на аерозагадувањето преку намалување на емисиите на штетни гасови.
- Поддршка на одржливиот транспорт како дел од стратегијата за заштита на животната средина.

По успешната реализација на првата фаза, Центарот веќе поднесе апликација за втората фаза, која предвидува инсталација на полначи за електрични возила во шест општини: Струмица, Радовиш, Ново Село, Валандово, Гевгелија и Дојран. Оваа фаза е веќе одобрена за финансирање и ќе започне со реализација во 2025 година.

Во насока на заштита и унапредување на квалитетот на животната средина, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион реализира уште еден значаен проект – „Превземи чекор – заштити ја животната средина!“. Овој проект вклучува три клучни компоненти:

- Уредување на поројот Крушевска Република до улив во река Тркања во Струмица – спречување на ерозивни процеси и зачувување на квалитетот на водите.
- Изградба на прочистителна станица во село Ракитец – унапредување на системот за пречистување на отпадни води.
- Набавка на опрема за реконструкција и сервисирање на опрема за филтер станица во Василево – подобрување на квалитетот на водоснабдувањето.

Овој проект директно ќе придонесе за: Заштита и подобрување на квалитетот на почвата, водата и воздухот, намалување на емисиите на отровни гасови и заштита на озонската обвивка, зачувување на биолошката разновидност и природните богатства и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во регионот.

Дополнително, Центарот беше активен и во рамките на проектот **SEBCoVE – Smart Electricity for Buildings**, кој се фокусира на дигиталната и зелената транзиција преку иновативни решенија за паметни згради. Во оваа насока, беа организирани два значајни настани, како што е трипартитната конференција за зелена и дигитална транзиција, каде се дискутираше за модернизација на енергетската ефикасност и примената на паметни технологии.

Преку овие активности, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион директно придонесува кон заштитата и унапредувањето на животната средина, овозможувајќи одржливи решенија за подобрување на квалитетот на воздухот, промовирање на еколошки транспортни алтернативи и заштита на природните ресурси.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на заштита и унапредување на животната срединапри реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| **ред. Број** | **проект / активност** | **компонента на заштита и унапредување на животната средина** | **индикатор/и** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Превземи чекор – заштити ја животната средина!<br><br>- Уредување на поројот Крушевска Република до Улив во река Тркања во Струмица | Проектот ќе овозможи заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и други природни богатства, намалување на емисиите на отровни гасови, а со тоа и заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем. Сето тоа ќе придонесе до поквалитетен начин на живеење и | Мерки за заштита на животната средина во три општини во Југоисточниот плански регион и тоа во општина Василево, Струмица и Конче. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Изградба на прочистителна станица во село Ракитец<br><br>- Набавка на опрема за реконструкција и сервисирање на опрема за филтер станица во Василево | зачувување на здравјето на граѓаните во регионот. | |
| **2.** | Подобрување на Енергетската Ефикасност на јавни објекти во Југоисточниот регион<br><br>- Реконструкција на спортска сала „Партизан“<br><br>- Енергетска ефикасност на јавен објект зграда на ТППЕ - Радовиш „Реконструкција и адаптација на противпожарен дом тех.бр. 3276“<br><br>- Реконструкција на училиште во с.Секирник - Општина Босилово | Активностите за реконструкција на 3 објекти во регионот ќе придонесе кон заштита на животната средина, справување со климатски промени и оптимално користење на природните ресурси и енергетските потенцијали.<br>Проектот ќе овозможи се намали неефикасната употреба на електрична енергија, ќе се намалат стакленички гасови кон атмосферата, ќе се намали енергетската потрошувачка во Југоисточнот регион, во овој случај во општините Радовиш, Босилово и Гевгелија. Со унапредувањето на енергетската инфраструктура, јавните објекти ќе имаат можност да ја намалат потрошувачката на електрична енергија во регионот, а во исто време ќе ја заштитуваат и животната средина. | – Намалување на потрошувачката на електрична енергија.<br><br>- Намалување на емисијата на јаглероден диоксид и други стакленички гасови во регионот.<br><br>– Зголемување на свеста за користење на енергија од обновливи извори на енергија. |
| **3.** | Дојран – медитерански бисер во југоистокот<br><br>-Рехабилитација и реконструкција на постоечка патека и велосипедска патека покрај Дојранско Езеро | Со проектот ќе се преземат мерки за заштита на животната средина на тој начин што се предвидува реконструкцијата и рехабилитацијата на патеката и се опфаќа машинско чистење на теренот со дрвја, корења и шут. Исто така е предвидено и поставување на корпи за отпадоци и клупи за седење. | - Должина на расчистена патека<br>- Број на поставени клупи за седење<br>- Број на поставени корпи за отпадоци |
| **4.** | Југоисточниот регион-можност за нови туристички авантури<br><br>-Изградба на улица во с. Дукатино до манастир Св. Ѓоргија<br><br>- Реконструкција и збогатување на содржините на Смоларски водопад и Пирго | Со имплементацијата на проектот се внимава да не биде загадена околината на местата каде ќе се одвиваат активностите. Од причини што чистата животна средина е значајна и за развој на туризмот со посебно внимание се пристапува кон почитување на сите прописи. Чистата животна средина значи и привлекување на поголем број на туристи, па затоа особено се внимава да не биде нарушен биодиверзитетот во регионот. | Мерки за заштита на животната средина во 2 општини во Југоисточниот регион и тоа: Василево и Ново Село. |
| **5.** | Одржлив и инклузивен рамномерен развој – фаза II | Активностите од проектот се имплементираа без негативни последици врз животната средина | / |
| **6.** | Енергетски ефикасен регион | Во однос на животната средина проектот има за цел да обезбеди повисока свест за чување на човековата околина, намалување на загадувањето и подобрување на инфраструктурата во насока на еколошки подобни и компатибилни процеси кои во својата | Во однос на животната средина проектот има за цел да обезбеди повисока свест за чување на човековата околина, намалување на загадувањето и подобрување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | суштина за вбројуваат екологијата како примарен фактор за подобро утре.<br><br>Поставени соларни панели за производство на електрична енергија на 2 јавни објекти во о. радовиш со цел зачувување на природата и животната средина. | инфраструктурата во насока на еколошки подобни и компатибилни процеси кои во својата суштина за вбројуваат екологијата како примарен фактор за подобро утре.<br><br>Поставени соларни панели за производство на електрична енергија на 2 јавни објекти во о. Радовиш со цел зачувување на природата и животната средина. |
| **7.** | Изработка на техничка документација за е-полначи за електрични возила | Проектот се фокусира на промовирање на употребата на е-возила како чиста и еколошки одговорна алтернатива на возилата со внатрешно горење, со што ќе се допринесе кон подобрување на квалитетот на воздухот, привлекување на домашни и странски туристи и заштита на животната средина | - Извештаи за намалување на аерозагадувањето од стана на општините и Министерството за животна средина<br>- Информации и извештаи од општините за остварена заштеда во однос на трошоци за гориво за јавен превоз патници и за превоз на ученици<br>- Информации и извештаи од Центарот за јавно здравје за процентот на намалување на смртноста како резултат на намалување на аерозагадувањето |
| **8.** | „Паметна електрична енергија за згради - Центар за стручна извонредност“ - SEBCoVE | Проектот активно промовира **еколошка одржливост** и интеграција на зелени технологии во секторот **Smart Electricity for Buildings (SEB)**. Оваа компонента има за цел да обезбеди намалување на негативното влијание врз животната средина и да поттикне употреба на иновативни, енергетски ефикасни решенија. | **Број на обучени лица** во областа на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.<br><br>**Процент на наставни програми** кои вклучуваат одржливи технологии и зелени вештини.<br><br>**Број на воведени зелени практики** во рамките на стручната обука и практичните активности.<br><br>**Намалување на потрошувачката на енергија** во објектите каде што се применуваат паметни технологии. |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 7. Придонес кон дигитализацијата во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоци за придонесот и за остварените резултати во делот на дигитализацијата во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

| |
|---|
| Дигитализацијата на институциите, особено во Центарот за развој на ЈИПР, претставува неопходен чекор кон модернизација и подобрување на сервисите што се нудат на граѓаните. Една од најважните придобивки е зголемувањето на транспарентноста во работењето на институцијата. Оваа иницијатива има за цел создавање на поефикасни институции, кои ќе функционираат како вистински сервис за граѓаните и ќе ја зголемат нивната доверба во институциите. |

Во Центарот за развој на ЈИПР, управувањето со проекти е поставено како основна цел. Во текот на своето целокупно работење се дава акцент на дигиталната компонента која претставува интегрален дел на сите процеси, почнувајќи од фазата на подготовка на апликација, па сè до целосната реализација на проектите. Ова подразбира внимателно вклучување на технолошки иновации и дигитални алатки за поддршка во секој чекор од работењето. Мониторингот, контролата и затварањето на проектите се врши преку посебни системи, што обезбедуваат навремено споделување на информации и ја овозможуваат комуникации помеѓу вклучените страни. Ова осигурува детална следење и ефикасно управување со секој аспект од реализацијата на проектите.

Целокупната комуникација во Центарот за развој на ЈИПР е целосно дигитализирана и интегрирана преку интернет, веб-страници и мобилни телефони. Ова вклучува внатрешната комуникација меѓу вработените, како и екстерната комуникација со општините, министерствата, партнерите и другите институции. Соработката со сите заинтересирани страни се остварува преку напредни технолошки решенија за размена на информации и документација. Јавните набавки се спроведуваат и администрираат во целосно електронска форма, обезбедувајќи висок степен на транспарентност и отвореност на сите фази на овие процеси. Ова вклучува објавување на целата документација за што граѓаните и заинтересираните страни можат да добијат лесен пристап.Сите финансиски трансакции на Центарот, вклучувајќи ги плаќањата и финансиските обврски, се извршуваат електронски. Ова осигурува не само ефикасно управување со финансиските средства, туку и дополнителна сигурност и нивно следење во секој момент. Присуството на Центарот на социјалните мрежи е активно и вклучува објавување на сите настани, јавни информации, и целиот процес на развој на проектите. Ова дополнително ја подобрува комуникацијата со граѓаните и ги информира за клучните активности и иницијативи. Се објавуваат и стратешките документи, програми, годишни извештаи, завршни сметки и други документи со што се обезбедува лесен пристап и анализа на релевантни информации.

Во 2024 година придонесот кон дигитализацијата во реализацијата на Програмата се согледува во:

- Користење на дигитални алатки за управување со проекти – За време на имплементацијата на проектите, Центарот користи компјутери, мобилни (смарт) телефони, апликации и други дигитални алатки за ефикасна комуникација, мониторинг и координација.

- Развој на дигитални решенија – Во рамките на проектот „Енергетски ефикасен регион“, се развива софтверски дигитален систем кој овозможува навремен и директен увид во потрошувачката и производството на електрична енергија во реално време. Овој софтвер ќе придонесе за креирање политики за енергетска ефикасност на локално ниво.

- Дигитализација во планирањето и техничката документација – Во проектот за е-полначи за електрични возила, техничката документација се изработува и во дигитална форма, овозможувајќи лесен пристап и понатамошна употреба во идните активности.

- Дигитална трансформација во образованието и работната средина – Проектот SEBCoVE активно воведува дигитални технологии во наставните програми и стручната обука, промовирајќи онлајн учење и хибридни модели на обука.

- Интеграција на дигитални методи во инфраструктурни проекти – Иако инфраструктурните проекти, како што се уредување на порој, реконструкција на јавни објекти, изградба на патеки и улици, не вклучуваат директно дигитални продукти, нивната реализација се олеснува со користење на дигитални алатки за управување, планирање и следење на напредокот.

Со сите овие активности, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион значително придонесува кон дигитализацијата во реализацијата на Програмата, подобрувајќи ја ефикасноста, транспарентноста и долгорочната одржливост на проектите.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на дигитализацијапри реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. Број | проект / активност | компонента на дигитализација | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Превземи чекор – заштити ја животната средина!<br>- Уредување на поројот Крушевска Република до Улив во река Тркања во Струмица<br>- Изградба на прочистителна станица во село Ракитец | Иако со имплементацијата на овој проект не е развиена некоја апликација, услуга или продукт во дигитална форма, дигитализацијата може да се согледа во тоа што за време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот. | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот.<br>- Компјутери,<br>- Апликации,<br>- Мобилни (смарт) телефони |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Набавка на опрема за реконструкција и сервисирање на опрема за филтер станица во Василево | | |
| **2.** | Подобрување на Енергетската Ефикасност на јавни објекти во Југоисточниот регион<br><br>- Реконструкција на спортска сала „Партизан“<br><br>- Енергетска ефикасност на јавен објект зграда на ТППЕ - Радовиш „Реконструкција и адаптација на противпожарен дом тех.бр. 3276“<br><br>- Реконструкција на училиште во с.Секирник - Општина Босилово | Иако со имплементацијата на овој проект не е развиена некоја апликација, услуга или продукт во дигитална форма, дигитализацијата може да се согледа во тоа што за време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот. | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот.<br><br>- Компјутери,<br>- Апликации,<br>- Мобилни (смарт) телефони |
| **3.** | Дојран – медитерански бисер во југоистокот<br><br>-Рехабилитација и реконструкција на постоечка патека и велосипедска патека покрај Дојранско Езеро | Иако со имплементацијата на овој проект не е развиена некоја апликација, услуга или продукт во дигитална форма, дигитализацијата може да се согледа во тоа што за време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот. | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот.<br><br>- Компјутери,<br>- Апликации,<br>- Мобилни (смарт) телефони |
| **4.** | Југоисточниот регион- можност за нови туристички авантури<br><br>-Изградба на улица во с. Дукатино до манастир Св. Ѓоргија<br><br>- Реконструкција и збогатување на содржините на Смоларски водопад и Пирго | За време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот. | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот.<br><br>- Компјутери,<br>- Апликации,<br>- Мобилни (смарт) телефони |
| **5.** | Одржлив и инклузивен рамномерен развој – фаза II | За време на имплементацијата на проектот се користени различни видови на дигитални средства, апликации, смарт телефони за комуникација и ефикасно управување со проектот. | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот.<br><br>- Компјутери,<br>- Апликации,<br>- Мобилни (смарт) телефони |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6.** | Енергетски ефикасен регион | Во рамки на проектот ќе биде развиен и софтверски дигитален систем кој ќе овозможи навремен и директен увид во тековната состојба. Софтверот ќе генерира периодични извештаи до општините и ќе ја мери произведената и потрошената струја во реално време врз основа на кои би се креирале понатаму политиките на локално ниво во делот на заштита на животната средина и енергетската ефикасност | - Изработен дигитален софтвер |
| **7.** | Изработка на техничка документација за е-полначи за електрични возила | Користење на дигитални алатки при подготовка на комплетна техничка документација за поставување на станици за полнење на електрични возила – активност која ќе се изврши од страна на проектантско биро во комуникација и поддршка со имплементаторот на проектот.<br><br>Подготвената техничка документација ќе биде достапна и во дигитална форма. | Број на дигитални алатки користени за имплементација на проектот.<br>- Компјутери,<br>- Апликации,<br>- Мобилни (смарт) телефони<br><br>Број на изработени технички документации во дигитална форма. |
| **8.** | „Паметна електрична енергија за згради - Центар за стручна извонредност" - SEBCoVE | Проектот активно промовира **дигитална трансформација** во образованието и работната средина преку воведување на напредни технологии и дигитални алатки во стручната обука и работењето во секторот **Smart Electricity for Buildings (SEB)**. | **- Процент на наставни програми** кои вклучуваат дигитални технологии, онлајн учење и хибридни модели на обука.<br><br>- Број на формирани Центри за стручна извонредност |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 8. Извештај за финансиското работење на Центарот за развој на планскиот регион

(Во овој дел се дава наративно резиме на Извештајот за финансиското работење, со презентирање на клучните финансиски показатели, во обем од најмногу половина страница.)

Извештајот за финансиско работење за 2024 година е документ кој претставува основа за финансиското работење на Центарот за развој на ЈИПР.
Неговата изработка е базирана на показателите за приходи и расходи во 2024 година, односно со утврдување на изворите на финансирање со направените расходи.
Годишниот Финансиски извештај за 2024 година содржи податоци за:
Приходите и расходите од главната сметка на Центарот и проектните сметки.
Приходите на Центарот на основната сметка произлегуваат од средства од Министерството за локална самоуправа и од општините по основ на финасирање и менаџирање на проекти како и од различни институции за имплементација на проекти, додека од вкупните расходи дел се однесуваат за бруто плати на вработените, како и за покривање на месечните фиксни трошоци, тековно одржување и исплата на проектните активности.
Приходите пак на сметките на Центарот отворени за имплементација на одредени проекти се главно од Интеррег ИПА Програмата и националното ко-финансирање обезбедено преку Министерството за локална самоуправа, а расходите се однесуваат на плаќања поврзани со имплементација на проектните активности.
Извештајот за финансиско работење на Центарот покажува позитивен финансиски резултат со вкупни приходи од 104.556.577,00 денари и вкупни расходи од 89.710.979,00 денари за извештајната 2024 година на основната сметка на Центарот.
Финансиските податоци се достапни преку завршните сметки на Центарот кои редовно секоја година се објавуваат на веб страната на Центарот на следниот линк: https://southeast.mk/dokumenti/zavrshni-smetki/.

(Целосниот Извештај за финансиското работење, кој претставува составен дел од Годишниот извештај,согласно член 32 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој, се приложува како Анекс на крајот на овој Годишен извештај.)

## 9. Организација и раководење

(Овој дел содржи кус приказ на организациската структура и на расположивите човечки ресурси на Центарот за развој на планскиот регион. Потребно е да се наведе вкупниот број на ангажиран персонал во текот на извештајната година, структурата на ангажираниот персонал, квалификациите, и типот на работниот ангажман (договор на неопределено време, договор на определено време, договорен ангажман врзан за реализација на одреден проект).

Во овој дел се дава и кус приказ на реализираните генерички и специјализирани обуки на персоналот на Центарот.

Во овој дел се адресираат и ограничувањата кои произлегуваат од финансиските, кадровските и другите ресурси, а кои влијаат врз реализацијата на Програмата. Тука треба да се илустрира евентуалната потреба од дополнителни ресурси во функција на реализација на Програмата.

Исто така, во овој дел се дава и кус синтетизиран приказ на работата на Советот за развој на планскиот регион преку бројот и главните содржини на одржаните седници, како и на други неформални облици на активности.)

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион (ЦРЈИПР) со својство на правно лице е основан во септември 2008 година, од страна на десетте единици на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Југоисточниот пл анскиот регион (Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица).

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е единица на локалната самоуправа со делокруг на работа утврден согласно член 24 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл.весник на РМ бр.63/07, 187/2013, 43/2014 и 215/2015) и член 30 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл.весник на РСМ бр. 24/2021).

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион официјално отпочна со работа на 01.12.2008 година по назначувањето на Раководител и отворањето на канцеларијата.

Седиштето на Центарот за развој на Југоисточниот планскиот регион е во општина Струмица на Бул. „Маршал Тито" бр. 1-1, 2400 Струмица, Тел: +389 34 340 139, www.southeast.mk.

Во текот на 2024 година, во Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, работеа вкупно 8 лица. Меѓу нив, еден е Директор на Центарот со мандат од четири години. Пет лица беа вработени на неопределено време, вклучувајќи го Раководител на сектор за регионален развој и имплементација на проекти, Раководител за меѓуопштинска соработка, регионален развој и имплементација на проекти, Раководител на одделение за соработка со бизнис заедницата, граѓанскиот сектор и други институции, Координаторот за имплементација на проекти, Советник за општи и административни работи,финансии и јавни набавки и Хигиеничар.

Едно лице беше ангажирано со Договор на определено време како проектен Координатор на проектот „Енергетски Ефикасен Регион".

Вработените од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион (ЦРЈИПР) во текот на 2024 година имаа посветен пристап кон непрекинато зајакнување на своите капацитетите преку разновидни обуки, работилници и настани. Оваа ангажираност со постојано учење и подобрување на вештините беше со цел да се осигура висок квалитет на работата и да се придонесе кон целокупниот развој на регионот.

Во текот на 2024 година Центарот за развој на ЈИПР дел од вработените учествуваа на следните обуки, работилници и настани:

| Ред. Број | Работилници, Обуки, Семинари, Тркалезна маса и друго | Место на одржување | Дата | Организатор |
|---|---|---|---|---|
| | Инфо ден по ИПА програмата за прекугранична соработка со Грција | Солун, Грција | 02.02.2024 | Заеднички Секретаријат и Управувачкиот орган на Програмата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Состанок на Стратешкиот Одбор по ИПА Програмата со Бугарија | Сандански, Бугарија | 09.02.2024 | Оперативна единица на Програмата |
| | Отворен ден за УРБАКТ Програмата | онлајн | 28.02.2024 | СЕП |
| | Обука за тренери за јавни набавки по EU PRAG правила | Охрид | 25-28.03.2024 | Проект ЕУ за општините |
| 1. | Инфо сесија за ИНТЕРЕГ Европа | СЕП | 04.04.2024 | СЕП |
| 2. | Состанок по проектот SeBCOVE | Ханиа, Крит, Грција | 18-19.04.2024 | Грчки Медитерански Универзитет |
| 3. | Инфо сесија за ЕУРО-МЕД програмата | СЕП | 29.04.2024 | СЕП |
| | Инфо ден по повик за подготовка на предлог проект - техничка документација | онлајн | 27.05.2024 | УНДП |
| | Обука за јавни набавки по праг и договорно право | Велес | 4-6.06.2024 | Проект ЕУ за општините |
| 4. | Настан во Дојран од проектот SEBCoVE | Хотел Романтик Дојран | 26-27.08.2024 | ЕМКИЦЕ |
| | Посета на Министерот за локална самоуправа | Босилово и Ново Село | 29.08.2024 | ЦРЈИПР |
| | Состанок за мапа за инвестирање | Хотел Александар Палас - Скопје | 12.09.2024 | УНДП |
| 5. | Примопредавање на техничка документација по проект од УНДП | ЦРЈИПР | 16.09.2024 | ЦРЈИПР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Обука за користење на Барометарот | Онлајн | 25.09.2024 | БРР |
| | Посета на Центарот од страна на заменик градоначалникот на градот Камјанец Подилскиi, Украина | ЦРЈИПР | 03.10.2024 | Општина Радовиш |
| | Обуки за користење на софтвер во рамките на проектот „Енергетски ефикасен регион“ | О. Радовиш | 14-15.10.2024 | ЦРЈИПР |
| | Инфо ден по ИПА програмата за прекугранична соработка со Грција | онлајн | 17.10.2024 | Заеднички Секретаријат и Управувачкиот орган на Програмата |
| | Обуки за користење на софтвер во рамките на проектот „Енергетски ефикасен регион“ | О. Конче | 30-31.10.2024 | ЦРЈИПР |
| 6. | Работилница „Развој на социјалните услуги“ | Хотел Сириус | 05.11.2024 | ЦРЈИПР |
| | Работилница преку проектот ОИРРР | Струга | 14-16.11. 2024 | ОИРРР |
| | Настан во рамките на проектот „Sebcove“ | Скопје | 19.11.2024 | Сојуз на стопански комори |
| 7. | Промотивен настан по проектот Енергетски ефикасен регион – Радовиш | О.Радовиш | 22.11.2024 | ЦРЈИПР |
| | Посета на Брисел за промоција на Центарот за вмрежување | Брисел | 25-27.11.2024 | АКРИД |
| | Настан „Ден на регионот“ | Уметничка галерија, Струмица | 03.12.2024 | ЦРЈИПР |
| | Годишна работилница од ОИРРР | Гевгелија | 04-06.12.2024 | ОИРРР |
| | Инфо сесија за УРБАКТ | онлајн | 12.12.2024 | СЕП |

Регионалниот развој и намалувањето на диспаритети се од суштинско значење за одржлив раст и подобрување на животот во различните делови на земјата. Програмата за рамномерен регионален развој е насочена кон постигнување на овие цели, но за вистинско задоволување на потребите, неопходно е да се зголемат финансиските средства предвидени за Центрите за развој.

Доколку се зголемат финансиските средства и се обезбедат различни извори на финансирање, Центрите за развој би имале можност да аплицираат и учествуваат во различни Програми, што би го зголемило бројот на достапни проекти. Ова би им обезбедило можност за имплементација на проекти кои би одговарале на конкретните потреби и карактеристики на секој регион.

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во периодот од јануари-декември 2024 година, подготви и организираше 8 Седници на Советот за развој на ЈИПР и 1 Седница на Советот за социјална заштита на ЈИПР и тоа со следниот дневен ред:

**Дваесет и четврта (XXIV) Седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион одржана на платформата ZOOM на 06.03.2024 година, со следниот дневен ред:**

1. Усвојување на Записникот од XXIII (дваесет и третата) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
2. Донесување на Одлука за примопредавање на објект –дом на културата во с.Моин, општина Гевгелија, изграден во рамки на проектот „ Културно богатство- наследство за идните генерации;
3. Донесување на одлука за примопредавање на објект- дом на културата во с. Лубница, општина Конче, изграден во рамки на проектот „ Културно богатсво-наследство за идните генерации“.
4. Донесување на Одлука за промопредавање на рекреативна патека од населено место Пирава до манастир Св.Ѓорѓи, во општина Валандово, изградена во рамки на проектот„ Туризмот- иднината на регионот“
5. Донесување на Одлука за примопредавање на туристичка патека од Манастир Св.Ѓорѓи до Исар Кула, општина Валандово, во рамки на проектот „Збогатување на туристичка понуда на Југоисточниот плански регион“;
6. Донесување на Одлука за взаемна активност на општините за вршење на дезинсекција на комарци на територијата на Југоисточниот регион за 2024 година;
7. Разно.

**Дваесет и петтата (XXV) Седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регионодржана на 27.03.2024 година, одржана во просториите на Центар за развој на Југоисточниот плански регион, со следниот дневен ред:**

1. Усвојување на Записникот од XXIV (дваесет и четвртата) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
2. Донесување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2023 година;
3. Донесување на Одлука за усвојување на Годишните завршни сметки на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2023 година;
4. Донесување на Одлука за усвојување на Извештајот од извршен попис на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2023 година;
5. Разно

**Дваесет и шестата (XXVI) Седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион одржана на 14.05.2024 година, одржана на платформата ZOOM со следниот дневен ред:**

1. Усвојување на Записникот од XXV (дваесет и петтата) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;

2. Донесување на Одлука за примопредавање на објект (фотоволтаичен систем за производство на електрична енергија) изграден во рамките на проектот„Енергетски ефикасен регион;

3. Донесување на Согласност за склучување на Анекс на Договор за вработување на неопределено време;

4. Разно.

**Дваесет и седмата (XXVII) Седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион одржана на 01.07.2024 година во просториите на Центар за развој на Југоисточниот плански регион со следниот дневен ред:**

1. Усвојување на Записникот од XXVI (дваесет и шестатта) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
2. Донесување на Одлука за согласност за аплицирање и имплементација на проект преку повик за поднесување на предлог проекти за Подготовка на техничка документација за инфраструктурни проекти преку Фондот за техничка документација
3. Координација на општините за преземање на мерки за заштита и справување со пожарите во Југоисточниот плански регион;

4. Разно.

**Дваесет и осмата (XXVIII) Седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион одржана на 07.08.2024 година, одржана на платформата ЗООМ со следниот дневен ред:**

1. Усвојување на Записникот од XXVII (дваесет и седмата) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;

2. Донесување на Одлука за согласност за аплицирање и имплементација на предлог проект преку повик Конкурентен фонд за проекти засновани на заедницата за управување со пожари поддржано од Швајцарска Амбасада во Република С.Македонија

3. Разно.

**Дваесет и деветата (XXIX) Седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион, одржана на 31.10.2024 година, одржана во просториите на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион со следниот дневен ред:**

1. Усвојување на Записникот од XXVIII (дваесет и осмата) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;

2. Донесување на Одлука за согласност за аплицирање и имплементација на предлог проект „Детекција на пожари и засилена мрежа за итни случаи против пожари за отстранување на отпадот“-FIREDEFEND преку Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција-Република Северна Македонија 2021-2027.

3. Донесување на Одлука за согласност за аплицирање и имплементација на предлог проект „Зелено, за добро“ (Акроним „G4G“), преку Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција-Република Северна Македонија 2021-2027;

4. Донесување на Одлука за согласност за аплицирање и имплементација на предлог проект „Кон прекугранична област, безбедна за срцето“ (Акроним „Heart Safe CBA“)“, преку Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција-Репиблука Северна Македонија 2021-2027;

5. Донесување на Одлука за согласност за аплицирање и имплементација на предлог проект „Пристапност и инклузија за сите до јавните туристички локалитети и туристичките услуги“(Акроним „TX4ALL“), преку Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција-Република Северна Македонија 2021-2027;

6. Донесување на Одлука за примопредавање на јавен објект на подрачно основно училиште „Кирил и Методиј“ во с.Секирник – Босилово по проектот „ Подобрување на Енергетската Ефикасност на јавни објекти во Југоисточниот плански регион“;

7. Донесување на Одлука за примопредавање на објект – улица до манастирот „Св Ѓорѓи во с.Дукатино во општина Василево со должина од 280 м, во рамките на проектот „Југоисточниот регион-можност за нови туристички авантури“;

8. Донесување на Одлука за примопредавање на објект- опрема за филтер станица во општина Василево во рамките на проектот„Превземи чекор – заштити ја животната средина;

9. Донесување на Одлука за давање на позитивно мислење за измена и дополнување на Правилникот за плати и надоместоци на плати за вработените во Центарот за развој на Југоисточниот плански регион;

10. Донесување на Одлука за давање на позитивно мислење за Колективниот договор на вработените во центарот за развој на Југоисточниот плански регион;

11. Донесување на Одлука за усвојување на Комуникациска стратегија 2024-2026: „Ундапредување на транспарентноста на центрите за развој на планските региони „Центар за развој на Југоисточниот плански регион

12. Донесување на Одлука за избор на претседател на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;

13. Разно.

**Триесетата Седница (XXX) на Советот за развој на Југоисточниот плански регион, одржана на 24.12.2024 година, одржана во просториите на Центар за развој на Југоисточниот плански регион, со следниот дневен ред:**

1. Усвојување на Записникот од XXIX (дваесет и деветата) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;

2. Донесување на Одлука за усвојување на Акциониот план за 2024 година за спроведување на Програмата за рамномерен регионален развој на Југоисточниот плански регион 2021-2026;

3. Одлука за измени и дополнувања на Правилникот за плати и надоместоци на вработените во Центарот за развој на Југоисточниот плански регион;

4. Донесување на Одлука за усвојување на Финансискиот план за работа на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година;

5. Донесување на Одлука за примопредавање на објект – партерно уредување на излетничкото место Смоларски водопад и излетничкото место Пирго – општина Ново Село по проектот „Југоисточниот регион – можност за нови туристички авантури“

6. Донесување на Одлука за примопредавање на објект – уредување на порој Крушевска Република од стационажа 1+175.00 до 1+285.00 и расчистување од стационажа 1+175.00 до 1+260.00 во општина Струмица со должина од 110 м, во рамките на проектот „Преземи чекор- заштити ја животната средина„;

7. Донесување на Одлука за промопредавање на објект- колектор и пречистителна станица во с.Ракитец, о Конче, во рамките на проектот „Превземи чекор- заштити ја животната средина„;

8. Донесување на Одлука за примопредавање на објект- рехабилитација и реконструкција на постоечката пешачка и велосипедска патека во о.Дојран, во рамките на проектот „Дојран- медитерански бисер во Југоистокот“

9. Разно

XXXI (триесет и првата) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион за ден 27.02.2025 година (четврток), која ќе се одржи во просториите на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион

1. Усвојување на Записникот од XXX (триесетата) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;

2. Предлог – мислење во однос на регионализација на општинските инспекторати;

3. Презентација на одобрени проекти кои беа аплицирани од страна на Центарот и табеларен приказ на распределба на активностите од проектите по општини;

4. Презентација на отворени повици:

- За рамномерен регионален развој од Бирото за регионален развој;

- Развој на подрачја со специфични развојни потреби од Бирото за регионален развој;

- За финансирање на предлог проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година, по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој од Министерството за локална самоуправа

5. Дискусија и избор на проекти за аплицирање на активните повици;

6. Одлука бр. 08-345/3 од 07.12.2024 година, за утврдување на предлог Листата за регионални предлог проекти за 2024 година со индикативно планирани средства за 2025 година, донесена од страна на Советот за развој на ЈИПР;

7. Предлог – Одлука за аплицирање и имплементација на проект за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони;

8. Предлог – Одлука за аплицирање и имплементација на проект за развој на подрачја со специфични потреби;

**Четврта (IV) Седница на Советот за социјална заштита на Југоисточниот плански регион, одржана на 24.12.2024 година, во просториte на ЦРЈИПР со следниот дневен ред:**

- Усвојување на Записникот од III (третата) Седница на Советот за социјална заштита на Југоисточниот плански регион;

- Донесување на Одлука за избор на Претседател на Советот за социјална заштита на Југоисточниот плански регион.

- Разно

## 10. Предлози и сугестии до клучните чинители на политиката на рамномерен регионален развој

(Во овој дел се презентираат конкретни предлози и сугестии за подобрување и унапредување на реализацијата на Програмата за регионален развој. Предлозите и сугестиите произлегуваат од искуствата на Центрите во подготовката на апликациите и апликациските критериуми, реализацијата на проектните активности и евалуацијата на проектитеи се однесуваат на подобрување и унапредување на работата во дадените процеси.Пополнувањето на сите долу наведени полиња е задолжително.)

Предлози и сугестии до Советот за рамномерен регионален развој

Советот за рамномерен регионален развој има клучна улога во создавањето на одржливи и ефективни стратегии за развој на регионите, а со цел подобрување на постоечките механизми и процеси, неопходно е да се преземат одредени чекори кои ќе придонесат кон поефикасно искористување на ресурсите и подобрување на квалитетот на животот во локалните заедници.

Еден од најважните аспекти е зголемувањето на финансиската поддршка за регионални приоритети, со што би се обезбедиле повеќе средства за финансирање на проекти кои имаат долгорочен ефект. Потребно е да се обезбеди правична распределба на средствата, особено за помалите општини кои имаат ограничени капацитети за подготовка и спроведување на проекти. Дополнително, Советот треба да размисли за воведување механизми за техничка поддршка на овие општини, со што би се зголемила нивната способност да учествуваат во програмите за регионален развој.

Предлози и сугестии до Министерството за локална самоуправа

За зајакнување на капацитетите на вработените во Центарот за развој на ЈИПР, како и за другите Центри потребно е да се организираат редовни обуки и семинари за вработените, запознавајќи се со најновите знаења и вештини во областа на развојот и управувањето. Исто така потребно е креирање на индивидуални планови за развој на вештини, поврзани со конкретните потреби и задачи на вработените, поддржувајќи го нивниот личен и професионален раст. Би требало да се издвојат средства за воведување на програми за менторство, каде искусните вработени можат да ги делат своите знаења и искуства со поновите членови на тимот.

Предлози и сугестии до Бирото за регионален развој

Создавањето на дигитален систем би овозможило лесно и брзо споделување на документи и датотеки помеѓу вработените и БРР. Поднесувањето на различни видови на барања по електронски пат би придонело за побрза и поефикасна комуникација при реализација на различни активности. Овој пристап не само што би ја зголемил брзината на обработка на барањата, туку и би довел до значително намалување на бројот на документи во хартија, што е важно за еколошката одржливост на активностите во двете институции.Воведувањето на дигитален систем за комуникација со БРР не само што би ја подобрило ефикасноста и комуникацијата, туку и би овозможило подобро следење и анализа на поднесените барања и документи. Оваа иновација ќе го подигне работниот потенцијал на Центарот за развој, гарантирајќи прилагодливост и конкурентност во водечкиот свет на дигитални технологии.

Предлози и сугестии до линиските министерства во однос на реализацијата на одделните ресорни Програми

Внесувањето на регионални аспекти во сите програми ќе им овозможи на Центрите за развој да бидат активни учесници во различни иницијативи и проекти, спроведувајќи ги соодветно со потребите и можности на своите региони. Ова ќе резултира во ефикасно користење на финансиските средства кои често завршуваат неискористени поради недостаток на соодветни механизми за аплицирање и застапеност на регионалните потреби во програмите.Од стратегиска перспектива, интеграцијата на регионалниот развој во сите програми ќе креира поволни услови за инклузивен и рамномерен развој на различните делови на земјата. Таквата пракса не само што ќе го подобри учеството на регионалните институции, туку и ќе придонесе кон постигање на целите за одржлив и инклузивен развој во целата земја.

Предлози и сугестии до Советите на Општините од планскиот регион

Регионалниот развој треба да биде фокус на сите 10 општини во Југоисточниот регион. Затоа, сите општини треба да го искористат долгогодишното искуство и знаење на вработените во Центарот за развој на ЈИПР. Во овој контекст, советите на Општините треба да бидат активни учесници во процесот на планирање и имплементација на регионални проекти, при што ќе ја користат експертизата и ресурсите на Центарот. Оваа соработка не само што ќе ја зголеми ефикасноста на реализацијата на проекти, туку и ќе го засили влијанието и придонесот на регионот кон современ развој.

